Врз основа на член 73 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.7.2018 година, издаде

# ЛИЦЕНЦА
## за приредување на игри на среќа во обложувалница

1.На Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул.„Партизански Одреди" бр.47 во Скопје, за период од три години.

2.Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

3.Доколку Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје не започне со приредување на игрите на среќа во рокот од точката 2, Владата на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата.

4.Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница во износ од 105.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 52.500 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата, односно:

- износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на лиценцата;

5.Доколку Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје не плати 50% од надоместокот, односно не го плати износот од 52.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

6.Доколку Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје не ги плаќа годишните рати во износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 4, Владата на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата.

7.Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

8.Доколку Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата.

9.Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје Е ДОЛЖНО да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на месечна основа.

10.Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје Е ДОЛЖНО на месечна основа, за финансирање на спортот да плаќа посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на сметка на Агенцијата за млади и спорт.

11. Оваа лиценца ќе се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.

## Образложение

Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје до Министерството за финансии поднесе барање бр.13-7078/1 од 12.06.2018 година и дополнувања на барање бр.13-7078/2 од 04.07.2018 година и бр.13-7078/3 од 12.07.2018 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:

- изјава за основање на друштво со ограничена одговорност на едно лице-ДООЕЛ од 05.01.2007 година дадена од содружникот Велески Велимир од Кичево;
- одлука за зголемување на основна главнина од 08.04.2008 година донесена од содружникот Велески Велимир во согласност со лицето Вецко Србиноски;

- пречистен текст на договор за основање на друштво со ограничена одговорност од 08.04.2008 година донесен од содружниците Велески Велимир и Србиноски Вецко;

- одлука за зголемување на основната главнина со уплата на парични средства на еден од содружниците-Велески Велимир од 15.07.2008 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- пречистен текст на договорот за основање на ДОО од 15.07.2008 година изготвен од содружниците Велески Велимир и Србиноски Вецко;

- одлука за зголемување на основната главнина на ДОО од 20.03.2012 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

-пречистен текст на договорот за основање-ДОО од 20.03.2012 година донесен од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за измена на актот за основање на друштвото од 20.03.2012 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за зголемување на основната главнина на друштвото и пристапување на содружник од 06.11.2012 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- пречистен текст на договор од 06.11.2012 година донесен од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за измена на договорот од 16.12.2013 година на друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- договор пречистен текст од 16.12.2013 година донесен од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево донесен од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- договор пречистен текст на друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево од 25.01.2014 година донесен од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за зголемување на основна главнина на „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево од 25.01.2014 година донесена од содружниците на Друштвото;

- одлука за промена на соодносот на уделите во основната главнина на друштвото од 25.01.2014 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за измена на договорот на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево од 25.01.2014 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- договор пречистен текст од 23.09.2014 година донесен од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за измена на договорот на друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево од 23.09.2014 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за истапување на содружник од друштвото, промена на седиште адреса на друштвото и зголемување на уделот на содружникот Велески Велимир од 23.09.2014 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Кичево;

- договор пречистен текст од 21.07.2015 година донесен од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за измена на Актот за основање-Договорот за основање на „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево од 21.07.2015 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за проширување на дејност како дополнителна согласно добиена лиценца за приредување на игри на среќа бр.42-6334/1 на друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево од 21.07.2015 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за промена на Актот за основање на друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево од 15.11.2017 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за промена на седиштето на друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево од 15.11.2017 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за промена на назив на друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево од 15.11.2017 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за пристапување на основач/содружник во друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево од 15.11.2017 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за промена на Актот за основање на друштвото од 07.02.2018 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за промена на седиштето на друштвото од 07.02.2018 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

- договор за друштво со ограничена одговорност од 07.02.2018 година донесен од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

- одлука за промена на актот за основање на друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево од 05.06.2018 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

- договор за друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 05.06.2018 година донесен од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

-одлука за намера за повлекување на основачки удел-намалување на основна главнина Друштвото од 02.07.2018 година донесена од содружниците на Друштвото „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Кичево;

- решение бр.35020180015821 од 09.07.2018 година донесено од Централниот регистар на Република Македонија;

- правила на игри за приредување на игри на среќа во обложувалница од 01.06.2018 година донесени од Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје;

- декларација за прием на плата од 12.01.2018 година, декларација за прием на плата од 02.03.2018 година издадена од Управа за јавни приходи, декларација за прием на плата од 13.03.2018 година, декларација за прием на плата од 11.04.2018 година, декларација за прием на плата од 09.05.2018 година и декларација за прием на плата од 14.06.2018 година исплатени преку Комерцијална банка АД Скопје;

- тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија бр.0805-50/155020180018811 од 08.06.2018 година;

- уверение за платени даноци и придонеси бр.28-124/2257/3 од 01.06.2018 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и потврда бр.05-049729/18-0002 од 06.06.2018 година доставена од Царинската управа на Република Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-10/2810-1 од 31.05.2018 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-10/2810-2 од 31.05.2018 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120180031979 од 31.05.2018 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120180031980 од 31.05.2018 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;

- извештај за процена на пазарна вредност на недвижен имот колективна станбена зграда (стан) бр.0802-433/2 од 05.06.2018 година изготвен од Друштвото за услуги „Центар за процена" ДОО Скопје, извештај за проценета вредност на недвижен имот-индивидуална станбена зграда-куќа бр.0802-433 од 05.06.2018 година изготвен од Друштвото за услуги „Центар за процена" ДОО Скопје, извештај за проценета вредност на недвижен имот-деловни простории бр.0802-433/3 од 05.06.2018 година изготвен од Друштвото за услуги „Центар за процена" ДОО Скопје, имотен лист број 100080 препис катастарска општина Кичево 6 од 05.06.2018 година, имотен лист број 18341 препис катастарска општина Кичево 6 од 05.06.2018 година и имотен лист број 31314 препис катастарска општина Кичево 7 од 05.06.2018 година издадени од Агенцијата за катастар за недвижности;

- извештај за наплата од странство бр.0743-081-129613 од 10.11.2017 година, извештај за наплата од странство бр.0743-081-130016 од 10.11.2017 година, извештај за наплата од странство бр.0743-081-130415 од 10.11.2017 година, извештај за наплата од странство бр.0743-081-130419 од 10.11.2017 година, извештај за наплата од странство бр.0743-081-157531 од 01.06.2018 година, извештај за наплата од странство бр.0743-081-158098 од 04.06.2018 година и извештај за наплата од странство бр.0743-081-157403 од 01.06.2018 година;

- одлука од Акционерското Собрание на Друштвото ТОП СТАРТ АД бр.29/1 од ден 29.04.2017 година;

- одлука од Акционерското Собрание на Друштвото ДАЈТИ ЕКСПРЕС АД бр.45 од ден 29.5.2018 година;

- одлука бр.1 од ден 05.04.2018 година донесена од Содружниците на Друштвото Еуролото ДОО;

-извештај за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 11.06.2018 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, извештај за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 12.06.2018 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје, извештај за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 12.06.2018 година издаден од Охридска банка АД Скопје;

-информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-22/27 од 16.04.2018 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

- извод бр.82 за промените и состојбата на средствата на сметката на ден 11.06.2018 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје;

- Програма за спречување перење пари и финансирање на тероризам од 01.06.2018 година донесена од Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје и мислење бр.11-1/44(18) од 08.06.2018 година од Управата за финансиско разузнавање;

- решение бр.2818/01180-1360/3 од 05.06.2018 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

- договор за позајмица склучен на ден 20.06.2008 година помеѓу Велески Велимир од Кичево како заемопримач и Смилески Душко од Кичево како заемодавач, договор за позајмица на парични средства без камата склучен на ден 18.12.2011 година помеѓу Зеќироски Алија од Кичево како заемодавател и Велески Велимир од Кичево како заемоприматeл и договор за позајмица на парични средства склучен на ден 17.03.2012 година помеѓу Велески Велимир од Кичево како заемоприматeл и Ќамил Бајрамовски од Кичево како заемодавател и

- уплатница ПП 50 за платена административна такса во износ од 600,00 денари.

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува за приредување на игри на среќа во обложувалница, што произлегува од доставените правила за приредување на игри на среќа во обложувалница од 01.06.2018 година од Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје, кои се во согласност со член 78 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца, видно од извештајот за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 11.06.2018 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, извештај за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 12.06.2018 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје и извештајот за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 12.06.2018 година издаден од Охридска банка АД Скопје.

Трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето видно од декларацијата за прием на плата од 12.01.2018 година, декларација за прием на плата од 02.03.2018

година издадена од Управа за јавни приходи, декларација за прием на плата од 13.03.2018 година, декларација за прием на плата од 11.04.2018 година, декларацијата за прием на плата од 09.05.2018 година и декларацијата за прием на плата од 14.06.2018 година исплатени преку Комерцијална банка АД Скопје.

Потеклото на средствата на основната главнина се утврди од следната документација:

- Од договорот (пречистен текст) од 05.06.2018 година донесен од Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје, се утврди дека средствата кои се внесени како основна главнина во друштвото во износ од 66.246.700,00 денари се состојат од 30.451.700,00 денари паричен влог и 35.795.000,00 денари непаричен влог. Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје на 02.07.2018 година донесе одлука за намера за повлекување-намалување на основна главнина (основачки удели во непаричен износ). Од одлуката се утврди дека намалувањето на основната главнина на друштвото ќе се изврши во висина на влогот запишан на име на содружникот Велески Велимир, односно содружникот ги повлекува своите непарични удели-основни средства проценети во износ од 311.100,00 денари и 325.000,00 денари или вкупен непричен влог од 636.100,00 денари. Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје има започнато постапка за намалување на основната главнина видно од решението со деловоден број 35020180015821 од 09.07.2018 година година издадено од Централниот регистар на Република Македонија.

Од доставениот извештај за процена на пазарна вредност на недвижен имот колективна станбена зграда (стан) бр.0802-433/2 од 05.06.2018 година изготвен од Друштвото за услуги „Центар за процена" ДОО Скопје, извештајот за проценета вредност на недвижен имот-индивидуална станбена зграда-куќа бр.0802-433 од 05.06.2018 година изготвен од Друштвото за услуги „Центар за процена" ДОО Скопје, извештајот за проценета вредност на недвижен имот-деловни простории бр.0802-433/3 од 05.06.2018 година изготвен од Друштвото за услуги „Центар за процена" ДОО Скопје, имотниот лист број 100080 препис катастарска општина Кичево 6 од 05.06.2018 година издаден од Агенција за катастар за недвижности, имотниот лист број 18341 препис катастарска општина Кичево 6 од 05.06.2018 година издаден од Агенција за катастар за недвижности и имотниот лист број 31314 препис катастарска општина Кичево 7 од 05.06.2018 година издаден од Агенцијата за катастар за недвижности се утврди дека потеклото на средствата кои се внесени како основна главнина во друштвото во износ од 35.795.000,00 денари се состојат од влог во недвижност и ствари. Непаричниот влог се состои од недвижности и ствари внесени во основната главнина. Недвижностите се состојат од стан во колективна сопственост, деловни простории и индивидуална станбена зграда-куќа.

Од договорот за пренос на удел склучен на ден 15.11.2017 година помеѓу Велимир Велески од Кичево (содружник кој пренесува дел од удел-Пренесувач) и Друштвото за трговија и услуги „СПОРТ БЕТЗОНЕ" ДОО Скопје (содружник кој превзема дел од удел-Превземач) е видно дека пренесувачот на превземачот му го пренесува својот паричен удел кој го поседува во вредност од 5.871.700,00 денари, извештајот за наплата од странство бр.0743-081-129613 од 10.11.2017 година,

извештајот за наплата од странство бр.0743-081-130016 од 10.11.2017 година, извештајот за наплата од странство бр.0743-081-130415 од 10.11.2017 година, извештајот за наплата од странство бр.0743-081-130419 од 10.11.2017 година, извештајот за наплата од странство бр.0743-081-157531 од 01.06.2018 година, извештајот за наплата од странство бр.0743-081-158098 од 04.06.2018 година, извештајот за наплата од странство бр.0743-081-157403 од 01.06.2018 година и изводот број 78 за промените и состојбата на средствата на сметката на ден 05.06.2018 година од Комерцијална банка АД Скопје се утврди потеклото на паричниот влог кој е внесен како основна главнина во друштвото во износ од 30.451.700,00 денари.

Од договорот за позајмица склучен на ден 20.06.2008 година помеѓу Велески Велимир од Кичево како заемопримач и Смилески Душко од Кичево како заемодавач, договорот за позајмица на парични средства без камата склучен на ден 18.12.2011 година помеѓу Зеќироски Алија од Кичево како заемодавател и Велески Велимир од Кичево како заемопримател и договорот за позајмица на парични средства склучен на ден 17.03.2012 година помеѓу Велески Велимир од Кичево како заемопримател и Ќамил Бајрамовски од Кичево како заемодавател се утврди дека паричниот удел кој го поседувал Велимир Велески од Кичево во вредност од 5.871.700,00 денари потекнува од позајмици.

Од одлука од Акционерското Собрание на Друштвото „ТОП СТАРТ“ АД бр.29/1 од ден 29.04.2017 година, одлука од Акционерското Собрание на Друштвото „ДАЈТИ ЕКСПРЕС“ АД бр.45 од ден 29.5.2018 година и одлука бр.1 од ден 05.04.2018 година донесена од Содружниците на Друштвото Еуролото ДОО се утврди дека паричните средства од основната главнина во друштвото од содружникот Друштвото за трговија и услуги „СПОРТ БЕТЗОНЕ“ ДОО Скопје во износ 24.580,000,00 потекнуваат од дивиденда.

Од доставеното мислење бр.11-1/44(18) од 08.06.2018 година од Управата за финансиско разузнавање по однос на Програмата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам донесена од Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје, се утврди дека Управата за финансиско разузнавање ја прифаќа Програмата.

Од изводот бр.82 за промените и состојбата на средствата на сметката на ден 11.06.2018 година издаден од Комерцијална Банка АД Скопје, се утврди дека на сметката има доволно парични средства за уплата на надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница.

Од доставеното решение бр.2818/01180-1360/3 од 05.06.2018 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје, се утврди дека уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул.„Партизански Одреди“ бр.47 во Скопје ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во обложувалница.

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница има уплатено основна главнина во износ од 66.246.700,00 денари видно од тековната состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија бр.0805-50/155020180018811 од

08.06.2018 година. Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје на 02.07.2018 има донесено одлука за намера за повлекување-намалување на основна главнина (основачки удели во непаричен износ). Од одлуката се утврди дека намалувањето на основната главнина на друштвото ќе се изврши во висина на влогот запишан на име на содружникот Велески Велимир, односно содружникот ги повлекува своите непарични удели-основни средства проценети во износ од 311.100,00 денари и 325.000,00 денари или вкупен непричен влог од 636.100,00 денари. Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје има започнато постапка за намалување на основната главнина видно од решението со деловоден број 35020180015821 од 09.07.2018 година година издадено од Централниот регистар на Република Македонија.

Трговското друштво ги има измирено јавните давачки по основ на даноци, царини и придонеси за задолжително социјално осигурување до месецот во кој е поднесено барањето за издавање на лиценца, видно од уверението бр.28-124/2257/3 од 01.06.2018 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и потврдата бр.05-049729/18-0002 од 06.06.2018 година издадена од Царинската управа на Република Македонија.

Од доставените потврди од Централниот Регистар на Република Македонија бр.0808-10/2810-1 од 31.05.2018 година, бр.0808-10/2810-2 од 31.05.2018 година, бр.0808-50/150120180031979 од 31.05.2018 година и бр.0808-50/150120180031980 од 31.05.2018 година се утврди дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игрите на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игрите на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на дејност за приредување на игрите на среќа и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игрите на среќа.

Со доставената информација за економско–финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија бр.0905-22/27 од 16.04.2018 година, оценувајќи ги податоците искажани во годишната сметка за 2017 година, споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Барање за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница согласно член 73 став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри може да поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата. Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница има уплатено основна главнина во износ од 66.246.700,00 денари.

Согласно член 75 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите компјутери, преку кој ќе се врши

евидентирање на уплатата и исплатата од сите свои уплатно-исплатни места, така што системот обезбедува податоци за уплатата и исплатата на секој од компјутерите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи. Од доставеното мислење од Управата за јавни приходи бр.21-254/3 од 04.07.2013 година се утврди дека Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје има обезбедено надзорен информациски систем.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје, поради што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Во согласност со член 74 став 1 од Законот, лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се издава за период од три години.

Според член 10 став 1 од Законот, трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно, Владата на Република Македонија ќе му ја одземе лиценцата. Со оглед на наведеното се одлучи како во точките 2 и 3 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 74 став 2 од Законот, за добивање на лиценца за приредување игри на среќа во обложувалница се плаќа надоместок во износ од 105.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата. Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа пропушти да го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 4, 5 и 6 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 76 став 1 од Законот, приредувачот на игри на среќа во обложувалница за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во обложувалницата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција. Доколку приредувачот не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 7 и 8 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 79 став 1, 2 и 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за приредување на игрите на среќа во обложувалница, Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје се задолжува да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на месечна основа. Воедно, со став 2 од истиот член, Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје се задолжува, на месечна основа, за финансирање на спортот да плаќа посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на сметка на Агенцијата за млади и спорт. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 9 и 10 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 12, издадените лиценци за приредување на игрите на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што се одлучи како во точката 11 од диспозитивот на оваа лиценца.

Врз основа на гореизнесеното се предложи Владата на Република Македонија да ја издаде лиценцата за приредување игри на среќа во обложувалница на Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор, до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

Бр.44-6967/1
31 јули 2018 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски